# СОДРЖИНА


*СМЕТКОВОДСТВО*

- **Благајничко работење и благајнички максимум за 2024 година..............................5**

*НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

- **Новогодишен надоместок, 13-та плата, бонус за деловна успешност,прекувремена работа и регрес за годишен одмор...................................15**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Старосна пензија...........................................................37**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Ноември 2023 година…......…....................45**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Октомври 2023 година..................66**
- **Коефициент на пораст на цените за Октомври 2023 година..................................................67**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 31.12.2023 година.............................................69**
- **Цени на гориво...............................................................71**
- **Курсни листи ...............................................................74**
- **Рокови за поднесување во Ноември 2023 година ..............81**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*........................................**83**

СКОПЈЕ, **НОЕМВРИ** 2023

**11**

# СМЕТКОВОДСТВО

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## *БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ И БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2024 ГОДИНА*

***Новиот начин на утврдување на благајничкиот максимум е регулирано согласно новиот Закон за платежни услуги и платни системи објавен во ("Службен весник на РСМ" 90/2022) со примена од 01.01.2023 година и Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам(Службен весник на РСМ 151/22)***

### *ВОВЕД*

Согласно Законот за платежни услуги и платни системи ("Службен весник на РСМ" 90/2022), кој започна со примена од 01.01.2023 година, престанаа да се применуваат најголем дел на одредбите на Законот за платен промет ("Службен весник на РСМ" 113/07...39/22). Врз основа наведеното, начинот за вршење на благајничко работење и утврдување на Благајнички максимум, премина под ингеренциите на новиот закон.

За таа цел, покрај новините кој ги донесе Законот за платежни услуги и платни системи, а кој се однесуваат во делот на платежни услуги и издавање на електронски пари, новините се однесуваат и на Благајничкото работење и Благајничкиот максимум.

Разликите во регулативата на стариот и законот кој стапи во примена во 2023 година, во делот на благајничкото работење се огледа во поставените ограничувања за плаќање во готово, како и во задолжителното осигурување на готовината во благајната.

Иако ограничувањата се поставени на премногу ниско ниво, тие се во примена и активни од денот на стапување на одредбата од законот со која се пропишани ограничувањата.

Ригорозните регулативи воведени за готовинските плаќања, имаат за цел, заживување на безготовинското плаќање и работењето со платежни картички.

## *1. БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ*

Благајничкото работење претставува синтеза на примање ***(прилив)*** и издавањето ***(одлив)*** на пари и други средства за плаќање, вршење на менувачки работи на менувачниците и девизни работи, за потребите на правните субјекти.

Според тоа независно од тоа дали благајничкото работење се врши преку една или преку повеќе благајни, ***најчесто ги опфаќа следниве работи:***

- **Подигање на готови пари** од трансакциска сметка и нивно внесување во денарската благајна, заради исплата;
- **Подигање на ефективни странски пари** од девизната сметка и внесување во девизната благајна за потребите на исплатата на ефективни странски пари;
- **Уплати, исплати и чување** на готови пари во домашна и странска валута;
- **Внесување на готови пари** на трансакциска сметка на субјектот, над висината на благајничкиот максимум, односно уплата на ефективни странски пари на девизната сметка;
- **Примање, издавање и чување** на хартии од вредност во домашна и странска валута;
- **Чување и манипулирање** на други вредности во благајната;
- **Доставување на благајнички документи** во врска со извршените уплати, односно исплати;
- **Ажурно водење на книгата на благајна (**благајнички извештај) и други помошни работни книги, кои се водат во системот на благајничкото работење;

- **Чување на благајнички документи** и помошни работни книги, во врска со благајничкото работење, во рокови кои ги пропишува Законот за трговски друштва **(5 години од последниот ден на пресметковната година на која се однесуваат*).***

### *1.1. Благајнички максимум за 2024 година*

Максималниот износ на плаќање во готово, како и обврската за задолжително осигурување на готовината, остануваат како парамети и во 2024 година (за прв пат во примена од 01.01.2023 година).

Согласно член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи, за плаќања со готовина, правно лице **може да чува во својата благајна готовина до висината на благајничкиот максимум**.

Благајничкиот максимум го утврдува правното лице со посебен акт.

Правното лице **е должно** сите парични средства од дневниот пазар, **над утврдениот благајнички максимум,** примени во готовина по било која основа, **да ги уплати** најдоцна до следниот работен ден на својата платежна сметка.

Правното лице **е должно да ја осигура готовината** која ја чува во својата благајна, најмалку **до висината на благајничкиот максимум**, при што договорот за осигурување задолжително **ќе ги покрива штетите во случај на пожар, поплава и кражба.**

Обврската за осигурување на готовината од благајна, **не се однесува на правните лица чиј благајнички максимум е утврден до висина од 20.000 денари.**

Плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица **не може поединечно да биде повеќе од 6.000** денари и **не може да надмине вкупен износ од 60.000 денари** во текот на календарскиот месец.

Со овие законски одредби **се намалува можноста за набавка на трговска стока** преку готовинско плаќање, односно готовинските плаќања **ќе се сведат само на неопходните ситни набавки за потребите на друштвото.**

Висината на благајничкиот максимум, учесникот во платниот промет е должен да ја утврди **со посебен акт,** во зависност од висината и видот на исплатите во пари во готово, што ги врши спрема природата на своето работење, оддалеченоста од седиштето на институцијата за платен промет, на банката, на поштата и од другите услови, што се од влијание врз потребата за држење пари во готово.

При изготвувањето на актот за благајнички максимум, учесникот во платниот промет, **треба да ги има во предвид висината и видот на исплатите во пари во готово**, што ги врши спрема природата на своето работење, оддалеченоста од седиштето на институцијата за платен промет (банката) и од другите услови, што се од влијание врз потребата за држење пари во готово во благајната.

**НАПОМЕНА: Одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за наредната година, треба да се донесе најдоцна до крајот на годината**.

Измената на утврдениот благајнички максимум, може да се изврши во текот на деловната година, повторно со Одлука на субјектот, ако се изменат условите, врз основа на кои е утврден последниот благајнички максимум.

Ако субјектот на крајот на годината, не го утврди благајничкиот максимум за наредната година, во наредната година, важи последниот утврден благајнички максимум.

### *1.1.1. Утврдување на Благајнички максимум*

Согласно член 183 од Законот, учесникот во платниот промет, **може за плаќање во готово, да подига од сметките и да држи во својата благајна, пари во готово, во висина на благајничкиот максимум.**

Висината на благајничкиот максимум, учесникот во платниот промет е должен да ја утврди со посебен акт.

***ОДЛУКА***
***ЗА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ***

Врз основа на член _____ од Статутот на Друштвото ______________________________ и член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи,(“Службен весник на РСМ” 90/2022), Управниот одбор на ден ____________ година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за Благајнички максимум за 2024 година**

**1 Благајнички максимум се одредува во износ од 60.000,00 денари.**

**2. Правното лице е должно сите парични средства од дневниот пазар, над утврдениот благајнички максимум примени во готово, по било која основа да ги уплати најдоцна до следниот работен ден на својата трансакциска сметка.**

**3. Правното лице е должно да ја осигура готовината која ја чува во својата благајна, најмалку до висината на благајничиот максимум, при што договорот за осигурување задолжително ќе ги покрива штетите во случај на пожар, поплава и кражба.**

**4. Плаќањето на производи и усуги во готово од страна на правни лица, не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари и не може да надмине вкупен износ од 60,000,00 денари во текот на календарскиот месец.**

**5. Оваа одлука се применува од денот на донесувањето и има важност до 31.12.2024 годин, односно до денот на донесувањето на оваа Одлука.**

**6. Со стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи одлуката за благајнички максимум, донесена од страна на одговорното лице (управителот) Управниот одбор (директорот) на ден ______________година.**

**Одговорно лице** **Управен одбор (директор)**

___________________ __________________________

Согласно член 183 став 7 од Законот, правното лице не може да врши плаќање со пресметка **доколку има блокирана платежна сметка, доколку не се продолжи важењето на одредбата од Законот за платни системи, која се применува до 31.12.2023 година.**

Согласно оваа одредба, правните субјекти **ќе може да си ги подмируваат меѓусебните обврски и побарувањ**а по пат на пресметка, односно со потпишување на договори за компензации, цесии, асигнации и покрај блокираните сметки во комерцијалните банки, до крајот на 31.12.2023 година.

**НАПОМЕНА: Согласно член 234 став 5 од Законот, почнувајќи од 01.01.2024 година, правното лице не ќе може да врши плаќање со пресметка доколку има блокирана платежна сметка.**

Согласно член 183 ставови 8 и 9 од Законот,

- Буџетските корисници, единките корисници и другите корисници кои имаат платежни сметки во Трезорската сметка не **можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана платежна сметка и во 2023.**
- Јавните здравствени установи кои имаат платежни сметки во Здравствената трезорската сметка **не можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана платежна сметка и во 2023 година.**

Согласно оваа одредба од Законот, овие корисници и во текот на 2024 година и понатаму **не ќе можат да вршат плаќања со пресметка** доколу имаат блокирани сметки, односно **не ќе може да потпишуваат договори** за компензација, цесија, асаигнација, доколку некоја од страните потписнички има блокирано сметка.

### *1.3. Прекршочни одредби за Благајничко работење.*

За непочитување на одребите кои се однесуваат на Благајничкото работење и плаќањето со пресметка предвидени се и одредени прекршочни одреби**, односно ГЛОБИ.**

Согласно член 218 од Законот, Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност **за Микро тргове**ц, од 250 до 750 евра во денарска противвредност **за Мал трговец**, од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност **за Среден трговец** и од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност **за Голем трговец,** ќе му се изрече за прекршок, доколку:

- Не ги информира потрошувачите за неприфаќање на сите платежни картички или други платни инструменти **(член 119 став (4) од Законот,**
- Не ја осигура готовината која што ја чува во благајна (**член 183 став (4) од Законот),**
- Плаќа производи и услуги во готово во поединечен износ **повеќе од 6.000 денари** или во вкупен износ **повеќе од 60.000 денари во текот на календарски месец (член 183 став (6) од Законот**) и
- Врши плаќање со пресметка доколку има блокирана платежна сметка (**член 183 став (7) од Законот.**

Покрај Глобата на трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, **забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години.**

**Глоба во износ од 200 до 300 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече **на одговорното лице кај трговецот за претходно наведените прекршоци.**

Покрај глобата на одговорното лице кај трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција, **забрана за вршење должност во траење до една година.**

## *2. МОЖНОСТ ЗА НАПЛАТА ВО ГОТОВО ЗА 2023 И 2024 ГОДИНА*

Согласно член 58 од Закот за перење пари и финасирање на тероризам ***(во продлжение ЗППФТ***), се забранува плаќање со готовина на стоки и услуги **во износ од 3.000 евра** или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Субјектите, што со закон се овластени за регистрација на хартии од вредност, друг имот или правни работи или за пријавување или вршење на пренос на пари, хартии од вредност или друг имот, можат да извршат таква регистрација или пренос само, ако клиентот поднесе доказ дека преносот на парите **над износот од 3.000** е извршен преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

**Забраната не се однесува на приредувачите на игри на среќа.**

Се забранува вршење на трансакции поврзани со размена на виртуелни средства за пари во смисла на закон кои се вршат со готовина **во износ повеќе од 500 евра** во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РС Македонија на денот на вршењето на трансакцијата, во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

Согласно член 204 **од ЗППФТ**, со преодните и завршните одредби се предвидува постапно **намалување на износот од 3.000 евра за плаќање во готовина и тоа:**

- **Од 1 јануари 2024 година**, забраната за плаќање со готовина на стоки и услуги, ќе се однесува на готовински плаќања, **во износ од 2.000 евра** или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.
- **Од 1 јануари 2025 година**, забраната за плаќање со готовина на стоки и услуги**, ќе се однесува на готовински плаќања, во износ од 1.000 евра** или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

## *3. ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА*

### *3.1. Подигање готовина од трансакциска сметка во банка*

Согласно одредбите од Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата, подигањето на готовина од трансакциска сметка во банките, се врши со налог на исплата на готовина ***(Образец ПП-40).***

Овој образец се користи за подигање на средства (готовина) од трансакциската сметка на правното или физичкото лице, за подигање на ефектива за исплата.

Како доказ дека може да се подига готовина од банка е и тоа што во Упатството за платни инструменти и понатака постојат одделни шифри, кои дозволуваат подигање и исплата на готови пари и тоа за следните основи:

**ВАЖЕЧКИ ШИФРИ ЗА ПОДИГАЊЕ ГОТОВИНА ОД ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

| Шифи на плаќање | Цел на дознаката |
|---|---|
| 140 | Исплата на пензии во готово (*се користи за ознака при исплати во готово по основ на пензии*) |
| **180** | **ИСПЛАТА НА ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА ВО ГОТОВО (СЕ КОРИСТИ ЗА ИСПЛАТА ВО ГОТОВО ЗА):** |
| *184* | *- исплата на социјална помош* |
| *185* | *- исплата на примања на инвалиди* |
| *188* | *- исплата на дневници и трошоци за службени патувања* |
| *189* | *- исплата на теренски додатоци за време на работа на терен* |
| 193 | *- исплата на надомест во случај на смрт на член на семејство, повреда и боледување* |

| | |
|---|---|
| **860** | **ИСПЛАТА ВО ГОТОВО ОД СОПСТВЕНА СМЕТКА ВО ПОЛЗА НА ПРАВНО ЛИЦЕ ВРЗ ОСНОВА НА:** |
| | - откуп на земјоделски и сточарски производи |
| | - материјални трошоци |
| | - други основи (согласно пропис) |
| 861 | Други исплати од сметка на правни лица во готово |
| **870** | **ИСПЛАТА ВО ГОТОВО ОД СОПСТВЕНА СМЕТКА НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ НА ОСНОВА НА:** |
| *871* | *- исплата на депозит по видување или штедна книшка* |
| *872* | *- исплата на орочен депозит или штедна книшка* |
| *873* | *- исплата од сметка* |
| *874* | *- исплата на камата на депозит по видување* |
| *875* | *- исплата на камата на орочен депозит* |
| *876* | *- исплата на камата од сметка* |
| *877* | *- други исплати во готово од сопствена сметка во полза на физичко лице – се користи како ознака при други неспомнати основи, во полза на физичко лице* |
| 880 | Готовинска исплата од порто каса |

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

*дипл.економист: Јулија Минковска*

## НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК, 13-ТА ПЛАТА, БОНУС ЗА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ,ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА И РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

***Надоместоците на трошоците поврзани со работата во кои спаѓаат Регрес за годишен одмор и Новогодишен надомест, како права за исплата не се уредени согласно Законот за работни односи, туку правото на исплата и висината на овие надоместоци е регулирано согласно Општите колективни договори и колективни договори на ниво на работодавач.***

### *ВОВЕД*

Утврдувањето на правото на Новогодишниот надомест, 13-та плата, Бонус за деловна успешност и Регресот за годишен одмор, се регулирани согласно Законот за работни односи („Службен весник на РМ” 62/05...151/21, 111/23), Законот за данок на личен доход („Службен весник на РМ” 241/18...85/21, 274/22), Законот за данок на добивка („Службен весник на РМ” 80/93... 251/21, 193/23), Општ колективен договор за приватен сектор („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), Општ колективен договор за Јавен сектор („Службен весник на РМ” 154/23.

Правото за 13-та и плата за Деловна успешност - **БОНУС** е регулирано согласно Законот за работни односи, **но само во случаи, кога работодавачот има можност да ја исплати.**

# *1. НОВОГОДИШЕН ПРАЗНИЧЕН НАДОМЕСТОК*

## *1.1. Висина на новогодишен надомест*

Согласно член 35-в од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа од стопанството (Службен весник на РСМ 115/14, 119/15, 150/16) ***(во продолжение ОКДПС)*** утврдено е правото на новогодишниот надоместок, ***меѓутоа висината на новогодишниот надоместок, треба да се утврди со колективен договор на ниво на гранка (дејност).***

Но и покрај одредбата на колективниот договор за утврдување на висината според соодветна гранка, ***сепак сите грански колективни договори не содржат одредба за висината на овој надоместок***, а некои пак ниту предвидуваат исплата на овој надоместок.

Дали во таков случај работодавачот може да исплати новогодишен надоместок и која висина може да ја исплати, особено ако нема соодветен колективен договор на ниво на работодавач.

Бидејки новогодишниот надоместок е право на работникот утврдено со колективен договор, работодавачот ***во договор со синдикатот може да исплати новогодишен надоместок во висина што ќе се определи во разумен износ***, во рамките на утврдените износи со постојните колективни договори на ниво на одделни дејности.

Значи не постои законска пречка за субјектите кои припаѓаат на дејностите, кои немаат донесено колективни договори на гранка, да утврдат и исплатат новогодишен, надоместок со Одлука на работодавач.

## *1.2. Оданочување на новогодишниот надоместок*

Согласно член 15 став 1 точка 2 од Законот за данок на личен доход, Новогодишниот надоместок претставува доход од работа ***на кој се применува даночна пропишана стапка од 10%.***

Новогодишниот надоместок ***не е признат расход во Даночниот биланс, односно во целост се враќа во Даночен биланс (Нето износ и зголемен за данок на личен доход).***

### *1.3. Пресметка на Новогодишен надоместок*

**ПРИМЕР:** Друштвото "ММ" донело Одлука на своите **10 (десет) вработени**, за Нова година да им исплати новогодишен надоместок **во висина од 50%** од една просечна месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци, **согласно Колективниот договор за Комунални дејности.**

| | |
|---|---|
| **1. Просечна месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци.** | **36.850,00** |
| **2. Новогодишен надомест по вработен (36.850 x 50%)** | **18.425,00** |
| 2. Данок на личен доход (18.425 x 11,1111%) | 2.047,00 |
| 3. Бруто приход (18.425 + 2.047) | 20.472,00 |
| 4. Број на вработени | 10 |
| 5. Нето износ за исплата (20.472 x 10 враб.) | 204.720,00 |
| 6. Вкупно данок на доход (2.047 x 10 враб.) | 20.470,00 |
| **7. Вкупен трошок (204.720 + 20.470)** | **225.190,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 4222- Новогодишен надоместок | 225.190,00 | |
| 2426- Обврски за новогодишен надоместок | | 204.720,00 |
| 235- Обврски за Данок на личен данок | | 20.470,00 |
| ***- (обврска за новогодишен надоместок);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2426- Обврски за новогодишен надомест | 204.720,00 | |
| 235 - Обврски за ДЛД | 20.470,00 | |
| 1000 - Трансакциска сметка | | 225.190,00 |
| ***(исплата на новогодишен надоместок);*** | | |

### *1.4. Исплата на новогодишен надоместок*

Исплатата на новогодишниот надомест се врши преку Управата за јавни приходи со користење на системот е-ПДД при што се генерира **еден збирен налог ПП 53,** како за обврската за нето износот на новогодишниот надомест, така и за обврската за данок на личен доход.

За да се изготви налогот ПП 53 потребно да се пополнат сите податоци за подносителот, за физичките лица вработени на кои треба да им се исплати новогодишен надомест: (***ЕМБГ, Име и Презиме, Општина, Држава во која е резидент исплатувачот, Начин на исплата (Трансакциска сметка***) и во полето Трансакцис-ка сметка да се наведе бројот на сметката.

Во останатите полиња потребно е да се пополни следното:

| Е-ПДД | Се пополнува |
|---|---|
| Вид на доход | **Т1. Доход од работа** |
| Подвид на доход | **S1. 8. Други примања на вработени лицакои подлежат на оданочување** |
| Цел на исплата | Исплата на Новогодишен надоместок |
| Дата на исплата | Се става дата на исплата |
| **Бруто/ доход** | **20.472,00** |
| Одбитоци | 0 |
| **Данок на личен доход** | **2.047,00** |
| **Нето доход** | **18.425,00** |

### *1.5. Одлука за исплата на новогодишен надоместок*

Согласно член 35-в од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството, работодавачот на ден_______2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПЛАТА НА НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 1**

Работодавачот ја донесе Одлуката за утврдување и исплатување на парични средства за пригодни награди за вработените – Новогодишен надоместок.

**Член 2**

Новогодишен надоместок, ке се исплати на трансакциски сметки на _______ вработени, во износ од _____________по вработен.

**Член 3**

На исплатениот износ ќе се плати данок на личен доход согласно Законот за данок на личен доход, во висина од ______ денари.

**Член 4**

Паричните средства за пригодни награди – Новогодишен надоместок, до пропишаниот износ, да се исплатат на сите вработени.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Скопје** **Управител:**

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка на Регресот за годишен одмор и Новогодишниот надоместок претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.**

### *1.6. Оданочување на новогодишни пакетчиња*

Давањето на новогодишни подароци на вработените (***новогодишни пакетчиња***), бидејќи е индивидуализирано примање и познати се вработените кои ги добиваат пакетчињата не е ослободено од оданочување од данок на личен доход, односно истото не е наведено во член 12 од Законот за данок на личен доход.

Согласно член 71 од Законот за Данок на личен доход, при што на овој вид на доход применлива е пресметана даночна стапка **од 11,1111%** од износот на фактурата на добавувачот на новогодишните пакетчиња, а плаќањето на данокот се врши преку системот е-ПДД, со тоа што во вид на доход се избира:

**Т11 - Друг доход и подвид на доход**
**S11.2. - Друг доход.**

**Од аспект на данокот на добивка,** трошоците за новогодишни пакетчиња **не се признаваат како даночно признат расход** и истите имаат третман на репрезентативен издаток и се додаваат во Даночниот биланс на р.бр. 9 (АОП 10) – **Трошоци за репрезентација во висина од 90% од износот.**

**Од аспект на Данок на додадена вредност**, за набавените новогодишни пакетчиња, даночниот обврзник **нема право на одбивка на претходниот данок,** согласно член 35 став 1 точка 3 од Законот за Данок на додадена вредност.

**ПРИМЕР:** Друштвото “XX” донело Одлука на своите **20 (дваесет) вработени**, на кои им следува правото на новогодишно пакетче, да им се додели по едно новогодишно пакетче. За таа цел направена е нарачка за 20 пакетчиња по единечна цена **од 1.200 денари (1.017,00 + 183 ДДВ).**

**Пресметка на Данок на личен доход**

| | |
|---|---|
| 1) Износ на новогодишно пакетче (по ф-ра со ДДВ) | 1.200,00 |
| 2) Данок на друг доход (1.200 x 11.1111%) | 133,00 |
| 3) Бруто доход по вработен (1.200 + 133) | 1.333,00 |
| 4) Број на вработени/ за новогодишно пакетче | 20 |
| **5) Вкупен данок на доход (133 x 20)** | **2.660,00** |
| **6) Вкупен трошок (1.333 x 20)** | **26.660,00** |
| **7) Даночно непризнат расход (26.660 x 90%)** | **23.994,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 4417- Новогодишни подароци за деца на вработени | 26.660,00 | |
| 220- Обврски спрема добавувачи | | 23.994,00 |
| 235- Обврски за персонален данок | | 2.660,00 |

***- (по Одлука за исплата на новогодишни пакетчиња);***

| | | |
|---|---|---|
| 235- Обврски за персонален данок | 2.660,00 | |
| 1000 -Трансакциска сметка | | 2.660,00 |

***- (исплата на новогодишен надоместок);***

**1.6.1. Пресметка на данок на доход за новогодиши пакетчиња**

Давањето на новогодишни пакетчиња е давање на добра за кои нема исплата во пари, за да се изготви налогот ПП-53 потребно е да се пополнат сите податоци за подносителот, за физичките лица вработените на кои им се дава новогодишно пакетчње ***(ЕМБГ, Име и Презиме, Општина, Држава во која е резидент исплатувачот, Начин на исплата (Друг̄ Начин)*** и во полето Трансакциска сметка да се наведе бројот на сметката.

Во останатите полиња потребно е да се пополни следното:

| **Е-ПДД** | **Се пополнува** |
|---|---|
| **Начин на исплата** | **Друг начин** |
| Вид на доход | **Т1.Доход од работа** |
| Подвид на доход | **S11.2 Друг доход** |
| Цел на исплата | Давање новогодишно пакетче |
| Дата на исплата | Се става дата на исплата |
| **Бруто доход по вработен** | **1.333,00** |
| Нето доход | Нема |

## Преглед:
## Регрес за годишен одмор и Новогодишен надоместок, според Гранските колективни договори

| Р.бр | КД на гранка | Сл. Вес. на РМ | Право на надоместок за РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР | Право на НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **КД за комуналните дејности на РМ** | 107/06 | Во висина на основицата | **Најмалку 60**% од основицата |
| 2. | **КД за Угостителство на РМ** | 02/08 | Во висина на основицата | **Најмалку 60%** од основицата. |
| 3. | **КД за Заштитни друштва** | 151/14 | Во висина на основицата | Со колективен договор на ниво на дејност или на работодавач. |
| 4 | **КД за Текстилната индустрија на РМ** | 220/15 50/17 | Во висина од **најмалку 40% од** основицата | Со колективен договор на ниво на дејност или на ниво на работодавач. |
| 5 | **КД за Земјоделство и Прехранбената индустрија** | 3/16 175/15 | Во висина која изнесува **45% од основицата** за прехрамбена индустрија, и **40% од основицата** за гранката земјоделство. | Во висина од **најмалку 50%** од основицата |
| 6. | **КД за вработените од Тутунското стопанство** | 137/16 | Во висина на основицата | Најмалку **65%** од основицата |
| 7. | **КД за Кожарска и Чевларска индустрија** | 220/15 | Во висина од најмалку 40% од основицата. | Со колективен договор на ниво на дејност или на ниво на работодава. |
| 8. | **КД за дејноста Хемиска индустрија** | 10/13 | Во висина на определена со КД на ниво на работодавач и која **не може да биде помала од минималната плата** утврдена со Законот за минимална плата, **кој треба да се исплати до 30.06 наредната година**. | Во висина на определена со КД на ниво на работодавач и **која не може да биде помала од минималната плата** утврдена со Законот за минимална плата, **кој треба да се исплати до 30.06 наредната година.** |
| 9. | **КД На друштвата од друго Монетарно посредување во работењето во хар-тии од вредност и стокови договори** | 97/11, 189/13 | **Најмалку во висина на 60% од** основицата | **Најмалку во висина на 60% од** основицата |
| 10. | **КД за Енергетика** | 47/16 | Во висина која изнесува **80% од основицата, а најмногу 100%** од основицата. | Во висина која изнесува **најмалку 50% од основицата**. |
| 11. | **КД за Градежништвото, индустријата на градежни материјали и Проектирањето на РМ** | 28/03 | Согласно КД за приватен сектор | Согласно КД за приватен сектор |
| 12. | **КД за Независни регулаторни тела** | 74/15 | **60-100% од** Основицата | **Најмалку 60% од** Основицата |

*НАПОМЕНА:Основица претставува просч;на месечна нето плата по работник, во РМ исплатена во нпоследните три месеции.*

## *2. УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА 13-та ПЛАТА И БОНУСИ ОД ПЛАТА*

Согласно член 105 од Законот за работни односи, работникот има право на заработувачка плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма.

Работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Работодавачот нема обврска, туку само постои можност за исплата доколку истиот има можност за истата.

Висината на истата не е определена (***обично се зема една плата во висина на платата на секој работник одделно***) и секакао временскиот период не е наведен (обично следи по истекот на календарсата година.)

### *2.1. Пресметка на 13-та плата*

***ПРИМЕР****: Работодавачот донел Одлука поради добрите деловни резултати да исплати 13-та плата за 10 вработени.*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА (10 x 35.000)** | **350.000,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 65.800,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 26.250,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 4.200,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 1.750,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **98.000,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 252.000,00 |
| **8.Даночно намалување за 2023 г.** | **0** |
| **9.Даночна основа за пресметка на Данок** | **252.000,00** |
| **10.Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **25.200,00** |
| **11.НЕТО ПЛАТА (1 – 6 –10)** | **226.000,00** |

**НАПОМЕНА: При пресметка на 13-та плата, не се користи месечно Даночно намалување, бидејќи е искористено при пресметка на платите во текот на целата календарска година (исполнет е годишниот лимит).**

***При пополнување на МПИН пријавата за 13-та плата во* поле:**

**1.3 - Вид на обврска се внесува шифра**
**102 – ПЛАТА ПО ОСНОВ НА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ НА РАБОТОДАВАЧОТ**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Вкалкулирани бруто плати | 350.000,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 350.000,00 |
| - ***( вкалкулирана бруто плата);*** | | |
| 240 – Обврски за плата | 350.000,00 | |
| 2430 – Нето плати | | 226.800,00 |
| 2340 – Даноци од плата | | 25.200,00 |
| 2343 – Придонеси од плата | | 98.000,00 |
| - ***( за пресметана плата, даноци и придонеси);*** | | |
| 2430 – Нето плати | 226.800,00 | |
| 2340 – Даноци од плата | 25.200,00 | |
| 2343 – Придонеси од плата | 98.000,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 350.000,00 |
| - ***( исплатена плата, даноци и придонеси).*** | | |

**НАПОМЕНА. Во случај доколку Нето износите на примањата по основ на деловна успешност, се над износот на кој се пресметуваат придонеси (16 просечни плати) согласно член 9 став 1 точка 18, од Законот за данок на добивка разликата на трошокот во нето износ, претставува даночно непризнат расход.**

### 2.1.2. Пресметка на 13-та плата од добивката

Во случај кога тринаесетата плата се исплатува по усвојување на годишната сметка, односно од добивката, пресметката и пополнувањето на МПИН пред сé се врши на ист начин со тоа што се спроведуваат следниве книжења:

**950 – Задржана (акумулирана) добивка 350.000,00**

| | |
|---|---|
| 2430 – Нето плати | 226.800,00 |
| 2340 – Даноци од плата | 25.200,00 |
| 2343 – Придонеси од плата | 98.000,00 |

- ***(пресметана 13-та плата);***

### *2.2. Пресметка на БОНУС од плата ЗА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ*

Бонусите најчесто се поистоветуваат со делот од платата што се однесува на работната успешност согласно Законот за работни односи, земајќи ги во предвид домакинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата.

Согласно член 21 од Општиот колективен договор за приватен сектор, критериуми и мерила за утврдување на работната успешност се:

- **Домаќински однос,**
- **Обем,**
- **Квалитет,**
- **Креативност и инвентивност,**
- **Остварена продуктивност,**
- **Економичност,**
- **Заштеди во процесот на работење,**
- **Ефикасност,**
- **Користење на средствата за работа и работното време и**
- **Други утврдени со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работо-давач.**

Работната успешност се мери, односно проценува за поединци или групи на работници, според однапред утврдени критериуми и мерила, со кои работникот се запознава пред да почне да работи.

Резултатите од работењето на работникот ги утврдува, односно оценува, работникот кој го води и организира процесот на работа.

Доколку работникот не ги достигнува работните резултати од причини што не зависат од работникот, (немање на струја и други енергенси, дефект на машините и немање на суровини или други објективни причини утврдени со колективен договор на ниво на работодавач), има право на основната плата.

**2.2.2. Пресметка на БОНУС од плата по основ на РАБОТНА УСПЕШНОСТ**

**ПРИМЕР**: Друштвото "ББ" врз основа на својата финансиска можност, донело Одлука на својот вработен да му исплати и **Додаток за РАБОТНА УСПЕШНОСТ – БОНУС, во износ од 12.000,00** денари, поради добрите финансиски резултати остварени во тековната година. **Основната плата на работнкот согласно Договорот за работа изнесувала 40,000,00 денари.**

| | |
|---|---|
| **1) Бруто плата** | **40.000,00** |
| **2) Бонус** | **12.000,00** |
| **3) Вкупно бруто (1 + 2)** | **52.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | | **52.000,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | | 9.776,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | | 3.900,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | | 624,00 |
| 5.Придонес за дополнително здр.осигур. | (1 x 0,5%) | 260,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | | **14.560,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | | 37.440,00 |
| 8.Даночно намалување за 2023 година | | 9.038,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | | 28.402,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | | **2.840,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | | **34.600,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Вкалкулирани бруто плати | 52.000,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 52.000,00 |
| - ***(вкалкулирана бруто плата);*** | | |
| 240 – Обврски за плата | 52.000,00 | |
| 2430 – Нето плати | | 34.600,00 |
| 2340 – Даноци од плата | | 2.840,00 |
| 2343 – Придонеси од плата | | 14.560,00 |
| - ***(пресметана плата, даноци и придонеси);*** | | |
| 2430 – Нето плати | 34.600,00 | |
| 2340 – Даноци од плата | 2.840,00 | |
| 2343 – Придонеси од плата | 14.560,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 52.000,00 |
| - ***(исплатена плата, даноци и придонеси).*** | | |

### 2.2.3. Исплата на Бонус за прекувремена работа

Согласно член 117 став 4 од Законот за Работни односи, работникот е должен на барање на работодавачот да врши работа преку полното работно време (прекувремена работа):

**1) Во случаи на исклучително зголемување на обемот на работата;**

**2) Ако е потребно продолжување на деловниот или производниот процес;**

**3) Ако е нужно да се отстрани оштетување на средствата за работа, што би предизвикало прекинување на работата;**

**4) Ако е потребно да се обезбеди безбедност на луѓето и имотот, како и безбедноста на прометот и**

**5) Во други случаи определени со закон или колективен договор.**

Прекувремената работа **може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно**, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени. Прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

За работниците од Министерството за внатрешни работи, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебен закон, прекувремената работа **може да трае подолго од 190 часа годишно,** поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.

Работодавачот на работникот да му исплати Бонус за извршена Прекувремена работа, во ситуации кога:

- ➢ **Работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, да му исплати БОНУС во висина од една просечна плата во Републиката, ако:**
- ✓ **Работникот не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, а деновите на искористен годишен одмор не се засметуваат во отсуството на работникот од 21 ден.**
- ✓ **Прекувремената работа ја остварил кај истиот работодавач.**

***НАПОМЕНА: БОНУСОТ* за прекувремена работа преставува посебен вид на наградување на работникот од страна на работодавачот, кое согласно член 14 став 1 точка 1 од Законот за придонеси од социјално осигурување, се оданочува со данок и за кое се пресметуваат и придонесите од плата.**

***2.2.4. Пресметка на бонус за прекувремена работа (над 150 часа годишно)***

**ПРИМЕР**: Друштвото донело Одлука на еден вработен да му исплати Бонус за прекувремена работа **над 150 часа годишно.**

| | |
|---|---|
| **1) Бруто плата** | **40.000,00** |
| **2) Бонус Просечна плата за 2023 година** | **49.397,00** |
| **3) Вкупно бруто (1 + 2)** | **89.397,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | | **89.397,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | | 16.807,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | | 6.705,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | | 1.073,00 |
| 5.Придонес за дополнително здр.осигур. | (1 x 0,5%) | 447,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | | **25.032,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | | 64.365,00 |
| 8.Даночно намалување за 2023 година | | 9.038,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | | 55.327,00 |
| **10.Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | | **5.533,00** |
| **11.НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | | **58.832.00** |

**НАПОМЕНА: НАПОМЕНА: За пресметка на БОНУС / НАГРАДА, како зголемување на бруто платата, посебно не се искажува во МПИН пријавата.**

**Исплатата на Бонус за прекувремени часови се иплатува се на вработен во редовен работен однос.**

### *2.2.5. Решение за исплата на бонус за работна успешност*

Врз основа на член 105 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ 62/05........111/23) Управителот на Друштвото за ______________________________ ДООЕЛ/ ДОО / АД Скопје на ден ________ година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за исплата на додаток на плата за работната успешност**

На работникот ________________________________________, вработен во Друштвото ______________________________ Скопје на работно место ______________________________, при пресметката на платата за месец _______ година му се доделува и додаток на плата за работна успешност во износ од ___________ денари.

Правото на додаток на плата за деловна успешност на работникот му се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата од страна на работникот во текот на _____________година во согласност со одредбите од Законот за работни односи, актите на работодавачот и потребите на процесот на работа.

Додатокот на плата за деловна успешност на работникот заедно со основната плата ќе му се исплати при пресметката на платата за месец __________ 2023 година и на истата Ќе бидат пресметани придонеси и персонален данок на доход согласно законските прописи.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со одредбите на Законот за работните односи, Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, актите на работодавачот и склучениот договор за вработување, Управителот на Друштвото за _______________ ДООЕЛ/ДОО/АД Скопје одлучи како во диспозитивот на решението.

**Доставено до:**

- работникот
- управителот
- архива

**Друштво**

**Управител**

__________________

## *3. РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

### *3.1. Регрес за годишен одмор во Приватен сектор*

Согласно член 35 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството ***(во натамошниот текст ОКДПС***), регресот за користење годишен одмор, може да се исплати во висина од ***најмалку 40% од основицата, која изнесува (просечната месечна нето плата по работник во РСМ, исплатена во последните три месеци***), под услов работникот да работел ***најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.***

Што значи дека за разлика од правото на стекнување годишен одмор (***непрекината работа од шест месеци кај ист работодавач)***, за стекнување право на регрес за годишен одмор потребно е *работникот* ***да работел најмалку шест месеци кај ист работодавач, односно не е неопходно работењето да е непрекинато.***

Бидејќи Оштиот колективен договор за приватен сектор ***не условува да се работи непрекинато***, значи ***право на регрес има работник кој работел кај ист работодавач најмалку 6 месеци без разлика дали работел непрекинато или со прекини во календарската година.***

Односно ***право на регрес за годишен одмор има и работник кој се стекнал со пропорционален дел*** од годишен одмор, затоа што работел 6 месеци, но со прекини кај ист работодавач.

***Исплатата на регрес за годишен одмор во минималниот износ, претставува обврска за работодавачот.***

Но, предвидена е можност со колективен договор на ниво на гранка, односно оддел или колективен договор на ниво на работодавач, ***да се утврди регрес за годишен одмор во повисок износ,*** односно работодавачот доколку сака, ***може да исплати регрес во ПОВИСОК износ и истиот се исплатува еднаш во текот на годината.***

Исто така, ОКДПС предвидува и можност работодавач кај кој настанале економско финансиски потешкотии во работењето, по задолжителна претходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација, да се договори исплата на ***регрес за годишен одмор во ПОМАЛ износ, од утврдениот со ОКДПС.***

Кај работодавачите кај кои нема формирано синдикат, спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

### 3.1.1. Рок за исплата на регрес за годишен одмор

Рокот за исплата на регрес за користење на годишен одмор не е утврден со ОКДПС, но со оглед дека тоа е право кое произлегува, од правото на користење годишен одмор, исплатата, традиционално ***треба да биде истовремено со користењето на годишниот одмор, а во секој случај до истекот на календарската година,*** бидејќи согласно ***ОКДПС тој се исплатува еднаш во текот на годината.***

### 3.1.2. Даночен третман на регресот за годишен одмор

Регресот за годишен одмор, се оданочува со Данок на личен доход, бидејќи ова лично примање на вработените не е наведено во член 12 од Законот за данокот на личен доход, **како надоместок ослободен од данок на доход.**

Овој вид на доход, се третира како доход од работа и се оданочува **со примена на даночна стапка од 10%** на бруто износот на регрес за годишен одмор или **(11,1111% на Нето износот на регресот).**

Кај трговците поединци, согласно член 27 став 1 точка 9 од Законот за данокот на личен доход, како непризнаен расход за даночни цели, **се смета исплатениот регрес за годишен одмор, над износот** утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на РМ, во висина од просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци, **кој за месец Ноември 2023 година изнесува: 36.850,00 денари.**

Согласно член 9 став 1 точка 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка, **не се оданочува износот на исплатениот регрес за годишен одмор** ***во висина од 80%*** од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата, **кој за месец Ноември 2023 година, изнесува: 45.516,00 денари.**

### 3.1.3. Пресметка на надоместот за регрес за годишен одмор

*3.1.3.1. Исплата на регрес за годишен одмор во висина* ***на НАЈНИСКИОТ пропишан износ***

**ПРИМЕР:** Друштвото "НН" донело Одлука на **10 вработени** да им исплати регрес за годишен одмор во месец Ноември 2023 година, во висина **од 14.740,00 денари**. Овој износ заедно со Данокот на личен доход е помал од Даночно признатиот расход за цели на данокот на добивка по вработен, кој за месец **НОЕМВРИ 2023 година изнесува 45.516,00 денари.**

- Најнизок износ на Регрес за исплата за **XI/2023** 14.740,00
- Даночно признат расход за **XI/2023** (56.896 x 80%) 45.516,00
- Број на вработени 10

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Нето за исплата (10 x 14.740)** | **147.400,00** |
| **2. Данок на Личен доход (147.400 x 11,1111%)** | **16.378,00** |
| **3. Бруто основа (147.400 + 16.378)** | **163.778,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 4223-Регрес за годишен одмор | 163.778,00 | |
| 2420- Обврски за регрес за годишен одмор | | 147.400,00 |
| 235- Обврски за данок на личен доход | | 16.378,00 |

- ***(обврска за регрес за годишен одмор);***

| | | |
|---|---|---|
| 2420- Обврски за регрес за годишен одмор | 147.400,00 | |
| 235 -Обврски за данок на личен доход | 16.378,00 | |
| 1000-Трансакциска сметка | | 163.778,00 |

- ***(исплата на регрес за годишен одмор);***

***Даночно признат расход: 45.516,,00***
***Корекција во ДБ: НЕМА***

### *3.1.3.2. Исплата на регрес за годишен одмор во висина на НАЈВИСОКИОТ даночно признат расход*

**ПРИМЕР:** Друштвото "ММ" донело Одлука на 10 вработени да им исплати Регрес за годишен одмор за месец Ноември/2023 година, во висина **од 50.000,00 денари, кој е повисок од највисокиот даночно признат ресход** за даночни, цели, кој за месец **Ноември/2023 изнесува 45.516,00 денари.**

| | |
|---|---|
| • **Даночно признат расход за месец XI/2023 (56.896 x 80%)** | **45.516,00** |
| • **Број на вработени** | **10** |

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето износ (10 x 50.000) | 500.000,00 |
| 2. Данок на доход (500.000 x 11,1111) | 55.555,00 |
| 3. Бруто износ (500.000 + 55.555) | 555.555,00 |
| 4. Признат ресход за Данок на добивка (10 x 45.516) | 456,160,00 |
| 5. Износ кој се враќа во ДБ за 2023 (3-4) | 99.395,00 |

**ПРЕСМЕТКА:**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 4223/1- Регрес за годишен одмор (признат расход) | 456.160,00 | |
| 4223/2- Регрес за годишен одмор (непризнат расход) | 99.395,00 | |
| 2420-Обврски за регрес за годишен одмор | | 500.000,00 |
| 235-Обврски за данок на доход | | 55.555,00 |
| - ***( обврска за регрес за годишен одмор);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2420 - Обврски за регрес за годишен одмор | 500.000,00 | |
| 235 - Обврски за данок на личен доход | 55.555,00 | |
| 1000 - Трансакциска сметка | | 555.555,00 |
| - ***(исплата на регрес за годишен одмор);*** | | |

**НАПОМЕНА: Плаќањето на Регресот на годишен одмор и Данокот на личен доход, се врши преку е-ПДД, со тоа што во вид на доход се избира:**

**Т1. – Доход од работа, а во Подвид доход се избира**

**S1.7 – Доход кој подлежи на одоночување со ПДД -Регрес**

***3.2. Регрес за годишен одмор во Општествен сектор***

Согласно член 9 од Законот за исплата на плати (“Службен весник на РМ” 70/94……..147/15; 202/19), работодавачите ***кај кои помалку од 51%*** од средствата се во приватна сопственост, може да исплатат надоместок за Регрес за годишен одмор ***најмногу до 60% од просечната месечна нето плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата, кој за месец Ноември/2023 година, изнесува: 22.726,00 денари (37.876 x 60%).***

***3.3. Одлука за исплата на Регрес за годишен одмор и Спогодба за исплата на помал износ на Регрес за годишен одмор***

Врз основа на член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), Управниот одбор (управителот или друг орган кој е надлежен за донесување одлуки), на _______2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За исплата на регрес за годишен одмор за 2023 година**

На вработените во друштвото им се определува за исплата регрес за користење годишен одмор за 2023 година, во висина од _________ денари.

Регресот за годишен одмор ќе се исплати на _________ 2023 година.

Право на регрес за годишен одмор имаат работниците кои навршиле со работа над шест месеци со прекин ии непрекинато во текот на 2023 година.

Работниците кои во 2023 година оствариле работа со пропорционално работно време од полно работно време ќе се стекнат со право на пропорционален дел од регресот за годишен одмор, во соодност на полното работно време.

Средствата за исплата на регресот ќе се обезбедат од тековното работење (да се наведе изворот на средства) .

**Одлуката да се достави до:**
**Финансиска служба;**
**Архива;** **Управител**

_____________ _____________

Врз основа на член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РСМ“ 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), меѓу работодавачот ________________________________, застапуван од управителот ______________________ и репрезентативниот синдикат на вработените кај работодавачот, претставуван од _________-_______________ (или претставник на вработените), се склучува оваа:

**СПОГОДБА**

**за исплата на регрес за годишен одмор во помал износ**

**Член 1**

Поради настанати потешкотии во работењето на друштвото, предизвикани од нереализирани договори, по извршените консултации со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, страните се договорија на вработените да им се исплати регрес за годишен одмор за 2023 година во помал износ од минимално пропишаниот со ОКДС, односно во висина од _________ денари.

**Член 2**

Работодавачот се обврзува да донесе одлука за исплата на регрес за годишен одмор, во рок од _____ дена по потпишувањето на оваа Спогодба.

**Член 3**

Оваа Спогодба стапува на сила со денот на потпишувањето.

**Спогодбата да се достави до:**

**- Репрезентативниот синдикат;**

**- Управителот и**

**- Архивата.**

**Репрезентативен синдикат/Управител**

_______________________________

***3.2. Регрес за годишен одмор во Јавен сектор***

Согласно член 21 од Општ Колективен Договор за Јавен Сектор, (службен весник на РСМ 154/23), вработените во јавниот сектор имаат право на регрес за годишен одмор, ***во висина од најмалку 30% од основицата,*** под услов работникот да работел ***најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.***

**Основица** за пресметување на регрес за годишен одмор ***преставува просечната месечна нето плата по работник во РС Македонија исплатена во претходната година.***

***НАПОМЕНА:По исклучок регресот за годишен одмор за 2023 година изнесува 10 000 денари, во нето износ.***

Со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со овој колективен договор.

***Регресот за годишен одмор се исплатува еднократно во текот на годината***, доколку во еден од претходните четири последавателни квартали нема негативен раст на реалниот бруто домашен производ (БДП).

Регресот за годишен одмор се исплатува ***еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година.***

Правото на регрес за годишниот одмор, има и вработениот ***кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач, согласно гранскиот колективен договор.***

Одредбите за регрес, се однесуваат и на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, само доколку се предвидени средства за таа намена во буџетот на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Согласно Законот за данокот на личен доход (“Службен весник на РСМ” 241/18 ... 85/21, 274/22), регресот **се оданочува со данок на личен доход во износ од 11,11111% на нето износот или 10% на бруто износот.**

**Данок на личен доход**
**10.000 x 11,11111% = 1.1111 ден.**
**Бруто износ**
**10.000 + 1.000 = 11.111 ден.**

Исплатата се врши преку состемот на е-пдд на УЈП како доход од работа.

При изготвувањето на пресметката, во вид на доход се одбира опцијата:

**Т.1 - Доход од работа, а во подвид на доход се одбира опцијата:**
**S1.7 - Доход кој подлежи со оданочување ПДД – регрес.**

**НАПОМЕНА: На секој вработен треба да му се издаде пресметка за платениот данок на личен доход и нето регресот.**

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

дипл.правник: Елена Јандриоска

## СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

***Согласно одредбите од Законот за ПИО, заминувањето во пензија се врши врз основа на еден критериум, навршена старосна граница. По друг основ освен во исклучителни случаеви (намалена работна способност) нема предвидено остварување право на пензионирање.***

### *ВОВЕД*

Врз основа на Законот за пензиско и инвалидско осигурување (“Службен весник на РСМ” 98/2012…67/22) осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж. Старосната пензија се утврдува од месечниот просек на платите што осигуреникот ги остварил за време на вкупното траење на осигурувањето, а најрано од 1 јануари 1970 година. За определување на пензиска основица, покрај месечниот просек на плати, се зема и надоместокот на плати, односно паричниот надоместок во случај на невработеност.

### *1. БЕНЕФИЦИРАН СТАЖ*

На осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот, и тоа за по една година за:

1) секои седум години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци;

2) секои шест години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

3) секои пет години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

4) секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

5) секои три години и шест месеци поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци и 6) секои три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

На осигуреникот на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на осигурување се смета како стаж на осигурување со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува за секој период поминат на работно место со одреден степен на зголемување на стажот пропорционално на времето поминато на тоа работно место со намалување на старосната граница. Вкупното намалување на старосната граница се утврдува како збир на пропорционално утврдените намалувања за секој поединечен период.

Осигуреникот на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на осигурување се смета како стаж на осигурување со зголемено траење на работни места и работи кои се изведуваат под земја и кој во текот на осигурувањето бил распореден на работи и работни места со различни степени на зголемување на стажот на осигурување, може да стекне право на старосна пензија со навршување на 40 години пензиски стаж (маж), односно 35 години пензиски стаж (жена).

## 2. ПЕНЗИСКА ОСНОВИЦА

Старосната пензија се утврдува од месечниот просек на платите што осигуреникот ги остварил за време на вкупното траење на осигурувањето, а најрано од 1 јануари 1970 година.

За определување на пензиска основица, покрај месечниот просек на плати, се зема и надоместокот на плати, односно паричниот надоместок во случај на невработеност.

Како година на осигурување од која се зема платата за утврдување на пензиската основица се зема календарската година во која осигуреникот остварил плата, односно надоместок на плата за најмалку шест месеци стаж на осигурување. Платата, односно надоместокот на платата остварен во годината во која осигуреникот остварува право на старосна пензија не се зема за утврдување на пензиската основица.

На осигуреникот, односно лицето кое не остварило плата, односно надоместок на плата по јануари 1970 година пензиската основица се утврдува во зависност од движењето на просечната плата на сите вработени во Републиката и стручната подготовка на осигуреникот. Основицата во почетокот на годината ја објавува Фондот.

За утврдување на пензиската основица се земаат платите, паричните надоместоци, односно основиците на осигурување што осигуреникот ги остварил во согласност со закон и колективен договор. За утврдување на пензиската основица се зема просечната месечна плата што осигуреникот ја остварил со полно работно време при што платата што е остварена со работа подолга или пократка од полното работно време се пресметува на просечниот месечен износ што одговара на платата за полното работно време.

На осигуреникот кој во календарската година бил истовремено во работен однос со работно време пократко од полното работно време кај повеќе работодавачи, платата му се смета така што се земаат вкупно остварената плата и часовите поминати на работа во работен однос кај сите работодавачи со полно работно време.

Платата остварена со работа подолга од полното работно време се зема за утврдување на пензиската основица само ако таква работа е вршена во случаите предвидени со одредбите на општите прописи од работните односи. За времето за кое осигуреникот остварил надоместок на плата за скратено ра-

ботно време поради нега на потешко хендикепирано дете, за утврдување на пензиската основица се зема паричниот надоместок според прописите кои се однесуваат на социјалната заштита.

При утврдувањето на пензиската основица вкупната плата остварена со работа со полно, пократко од полното и подолго од полното работно време во една година се сведува со просечен месечен износ кој одговара на платата за полното работно време.

Износот што одговара на платата за полно работно време, се пресметува така што вкупниот износ на платите што се зема предвид за утврдување на пензиската основица, а кои осигуреникот ги примал за една година, се дели со бројот на часовите што тој ги поминал на работа со полно, пократко од полното и подолго од полното работно време, а така добиениот износ по час се множи со месечниот просек на бројот на часовите на полното работно време кај работодавачот во периодот во кој е остварена платата. Така добиениот износ на платата се зема за утврдување на пензиската основица.

За времето на привремена спреченост од работа поради болест и повреда, односно за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за утврдување на пензиската основа се зема надоместокот на плата.Надоместокот на плата се валоризира со коефициент со кој се валоризираат платите за таа година.

За утврдување на пензиската основица на невработените лица кои примаат паричен надоместок во случај на невработеност, инвалидите на трудот во случај на професионална рехабилитација, се зема паричниот надоместок.Паричниот надоместок се валоризира со коефициент со кој се валоризираат платите за таа година.

За утврдување на пензиската основица на вработените инвалиди на трудот кои примаат паричен надоместок за работа со скратено работно време или паричен надоместок поради помала плата, покрај остварената плата се зема и паричниот надоместок пресметан со коефициент на валоризација од годината во која е остварен тој надоместок.

За утврдување на пензиската основица на избраните или именуваните носители на јавна и друга функција, ако за вршењето на функцијата примаат плата, односно остваруваат надоместок на плата за вршење на таа функција, се зема платата, односно надоместокот за вршење на таа функција кој служел како

основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

За утврдување на пензиската основа на извршен член на одбор на директори, член на управен одбор на трговско друштво, односно управител во трговско друштво доколку не е осигурен по ниеден друг основ се зема надоместокот кој служи како основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

За утврдување на пензиската основица на работниците во работен однос и со нив, согласно со посебни закони, изедначени лица, избраните или именуваните носители на јавна и друга функција, ако за вршењето на функцијата примаат плата, односно остваруваат надоместок на плата за вршење на таа функција кои се упатени на работа во странство и за времето на работа во странство, ако не се задолжително осигурени според прописите на државата во која се упатени или со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено.

Задожително се осигуруваат и државјаните на Република Македонија кои засновале работен однос кај работодавачот кој врши дејност во странство.

За утврдување на пензиската основица на работниците во работен однос и со нив, согласно со посебни закони, изедначени лица, избраните или именуваните носители на јавна и друга функција, ако за вршењето на функцијата примаат плата, односно остваруваат надоместок на плата за вршење на таа функција, како и државјаните на Република Македонија кои засновале работен однос кај работодавачот кој врши дејност во странство, се зема платата, односно основицата на осигурувањето која служела како основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

Согласно одредбите од член 30 за утврдување на пензиската основица на државјаните на Република Македонија кои на територијата на Република Македонија се вработени кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва или се во лична служба на странски државјани, ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено, државјаните на Република Македонија вработени во странство, ако за тоа време не се задолжително осигурани кај странски носител на осигурувањето, државјаните на Република Македонија вработени кај странски работодавач во држава во која се задолжително осигурани, но

во која правата од пензиското и инвалидското осигурување, што како права се утврдени со овој закон, не можат да ги остваруваат или не можат да ги користат надвор од таа држава и странските државјани и лицата без државјанство кои на територијата на Република Македонија се:

1) вработени кај работодавач;
2) самовработени лица;
3) во служба на странски физички и правни лица, ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено и
4) во служба на меѓународни организации и установи, на странски дипломатски и конзуларни претставништва, ако такво-то осигурување е предвидено со ратификуван меѓународен до-говор,

се зема основицата на осигурувањето која служела како основа за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

Пензиската основица на работниците во работен однос се утврдува од платите остварени согласно со закон и колекти-вен договор, додека пак пензиската основица на индивидуал-ните земјоделци и на физичко лице кое е регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари се утврдува од основици на осигурување.

На физичките лица кои вршат дејност, а немаат даночна основица и самостојните уметници кои со таков статус се здо-биле согласно со Законот за култура, пензиската основица им се утврдува од основиците од кои е пресметуван и уплатуван при-донес за пензиското и инвалидското осигурување.

За утврдување на пензиската основица се зема и надоместокот остварен по основ на иновација, рационализација и други видови творештво во работата, во согласност со закон и колективен договор, доколку е платен придонесот за пензиското и инвалидското осигурување. Овој надоместок при утврдување-то на пензиската основица се зема како да е остварен во го-дината во која е исплатен.

Платите од поранешните години кои се земаат за утврду-вање на пензиската основица се валоризираат со коефициенти-те пресметани врз основа на движењето на платите на сите вра-ботени во Република Македонија. Валоризацијата на платите од поранешните години според кои се утврдува пензијата, се врши

според просекот на платите во последната календарска година која и предходи на годината во која осигуреникот го остварува правото на пензија.

Коефициентите за валоризација на платите од поранешните години се утврдуваат секоја година единствено за сите плати врз основа на статистичките податоци за движењето на платите на сите вработени во Република Македонија. Коефициентите за валоризација ги објавува Фондот.

### *3. ВИСИНА НА СТАРОСНАТА ПЕНЗИЈА*

Старосната пензија за осигурениците од членот 118 Законот за пензиско и инвалидско осигурување се утврдува од пензиската основица во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж која за секоја година пензиски стаж изнесува 1% (маж), односно 1,14% (жена) од пензиската основица, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,5% (маж), односно 0,57% (жена) од пензиската основица.

(2) Старосната пензија за осигурениците од членот 119 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување се утврдува од пензиската основица во проценти кои за секоја година исполнет пензиски стаж до нивната уплата на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување изнесуваат 2,33% (маж), односно 2,60% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 1,165 % (маж), односно 1,30% (жена), но најмногу 11,65% (маж), односно 13,00% (жена) од пензиската основица. За секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по нивната уплата на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, пензијата се определува во висина од 1% (маж), односно 1,14% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,5% (маж), односно 0,57% (жена) од пензиската основица.

### *4. НАЈНИЗОК ИЗНОС НА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА*

Најнизок износ на старосната пензија остварена од задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност и пензијата остварена од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување не може

да изнесува помалку од утврдената просечна плата на сите вработени во Република Македонија во 2002 година, и тоа за:

- корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 41%,
- корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 38% и
- корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 35%.

Пензијата се усогласува со процентот со кој се усогласуваат другите пензии.

Осигуреникот кој ќе оствари дел од пензијата според меѓународен ратификуван договор стекнува право на најнизок износ на старосна пензија ако износот на пензијата определена според овој закон и странската пензија пресметана според важечкиот девизен курс е помал од износот од кој се определува најнискиот износ на пензија наведен погоре.

### *5. УСОГЛАСУВАЊЕ НА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА*

Усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%.

Пензијата, се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи. Пензијата остварена во тековната година претходно се сведува во месечен износ според порастот на нето платите од декември претходната година во однос на просечната нето плата истата година.

Доколку бруто домашниот производ во претходната година има реален пораст повеќе од 4%, покрај усогласувањето наведено погоре, пензијата се усогласува од 1 април тековната година во процент кој претставува разлика помеѓу реалната стапка на пораст на бруто домашниот пораст во претходната година и стапката од 4%.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист: Марика Лекоска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2023 година (за даноци и придонеси)* | *49.397,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2023 година, за образец (МПИН)* | *24.699,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси за 2023 година (16 просечни бруто плати – (16 x 49.397)* | *790.352,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2023 година* | *9.038,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.11.2023* | *2.948,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2022 година* | *31.859,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година* | *47.637,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2023 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2023*** година, изнесува:

***43.509,00 денари.***

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2023 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08...171/17; 35/18; 247/18, 251/22), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2023* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***24.699,00 денари (49.397,00 х 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***24.699,00 денари;*** |
| **САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***49.397,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***24.699,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) {esnaeset просечни плати,*** кој износ ***за 2023 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***790.352,00 денари (16 х 49.397,00 денари).*** |

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***592.764,00 денари (12 х 49.397,00 денари).***

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата ***на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,*** односно ***управител во трговско друштво***, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2023 година**, изнесува.

***790.352,00 денари (16 х 49.397,00 денари.***

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***39.518,00 денари (49.397,00 денари х 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личен доход.***

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ***ПРИДОНЕСИ*** | ***Стапка*** | ***Најнизок износ*** | ***Највисок износ*** |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***НОЕМВРИ/2023 година***, по вработен | **18,8%** | ***4.643,00*** | ***148.586,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***НОЕМВРИ/2023 година*** по вработен | **7,5%** | ***1.852,00*** | ***59.276,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***НОЕМВРИ/2023 година*** по вработен | **1,2%** | ***296,00*** | ***9.484,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***НОЕМВРИ/2023 година,*** по вработен. | **0,5%** | ***123,00*** | ***3.95200*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***6.914,00*** | ***221.298,00*** |

### 4.1 Придонес за стажна осигурување што се смета со зголемено траење

| **Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење** | **Стапка 2020-2023** |
|---|---|
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци** | **9,4%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци** | **7,83%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци** | **6,27%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци** | **4,7%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци** | **3,13%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци** | **1,57%** |

## *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Службен весник на РМ” 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| ***Р.бр*** | ***Период на важност*** | ***Нето*** | ***Бруто*** | ***Сл. Весник на РСМ*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | ***01.01.2020 – 31.03.2020*** | ***14.500,00*** | ***21.107,00*** | ***239/2019 Закон*** |
| ***2.*** | ***01.04.2020 – 30.06.2020*** | ***14.500,00*** | ***21.107,00*** | ***88/2020 Уредба*** |
| ***2.*** | ***01.07.2020 – 31.03.2021*** | ***14.934,00*** | ***21.776,00*** | ***75/2020 Објава*** |
| ***3.*** | ***01.04.2021 – 31.03.2022*** | ***15.194,00*** | ***22.146,00*** | ***80/2021 Објава*** |
| ***4.*** | ***01.03.2022 – 28.02.2023*** | ***18.000,00*** | ***26.422,00*** | ***41/2022 Закон*** |
| ***5.*** | ***01.03.2023 – 28.02.2024*** | ***20.175,00*** | ***29.739,00*** | ***558/2023 Објава*** |

## *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2023 до 31.12.2023 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) данокот на личен доход за доход од работа, се пресметува со примена на две даночни стапки, согласно даночната основа и тоа**:**

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2023*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| Период | 2023 годинс |
|---|---|
| **Месечно** | **9.038,00** |
| **Годишно** | **108.456,00 (9.038 x 12)** |

### *7. СТАПКА НА ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА- И ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на член 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15, 202/19) ***Министерството за труд и социјална политика, објавува:***

1. Стапката на трошоците за живот за месец ***ОКТОМВРИ/2023*** година во однос на месец ***СЕПТЕМВРИ/2023***, според податоците на ДЗС бр. 4.1.23.97 од 07.11.2023 година, изнесува***:*** ***(-1,5%).***

2. Исплатата на платите за месец ***ОКТОМВРИ/2023*** во однос на месец ***СЕПТЕМВРИ/2023*** *година*, изнесува: ***(0,6%).***

### *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***НОЕМВРИ/2023*** година, изнесуваат:

***176 часа.***

### *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2023 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец IX/III/2023), а се однесува за месец НОЕМВРИ/2023 година, изнесува:***

***56.896,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.103 од 21.11.2023).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (VII-VIII-IX/2023 година),*** а се однесува месец ***НОЕМВРИ/2023 година изнесува:***

***55.307,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.103 од 21.11.2023).***

## *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2023 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (IX/2023), а се однесува за месец ОКТОМВРИ/2023 година, изнесува:***

| ***37.876,00 денари,*** |
|---|

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.102 од 21.11.2023).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (VII-VIII-IX/2023 година),*** а се однесува месец ***НОЕМВРИ/2023 година изнесува:***

| ***36.850,00 денари,*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.23.102 од 21.11.2023).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(IX/2023), а се однесува за месец НОЕМВРИ/2023 година,*** изнесува:

| ***37.876,00 денари,*** |
|---|

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 37.876,00 денари:***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***22.726,00 денари***<br>**(60% од основицата )** ***(37.876,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***75.752,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)** ***(2 x 37.876,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 75.752,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***22.726,00 денари***<br>***(60% од основицата) (37.876 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 22.726,00 денари.*** |

### *11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(VII-VIII-IX/2023 година),*** а се однесува за месец ***НОЕМВРИ/2023 година, изнесува:***

***36.850,00 денари.***

Износот ***36.850,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ прав-ни лица:***

| ***<u>РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР</u>*** |
|---|
| ***НАЈНИЗОК*** износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ***ОКТОМВРИ/2023 година***, се исплатува во висина ***од најмалку 40% од основицата***, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работода-вач и **изнесува:**<br>***14.740,00 денари во НЕТО износ***<br>***(36.850,00 x 40%)*** |
| <u>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.</u> |

| |
|---|
| ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>***45.516,00 денари (56.896,00 х 80%)***<br>***(80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***73.700,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 х 36.850)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 73.700,00 денари.*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
| ***36.850,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***22.110,00 денари***<br><br>**60% од основицата – (60% од *36.850,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 22.810,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** |
| ***2.948,00 денари***<br>**8% од основицата (8% од *36.850,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 2.948,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО*** |
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи, кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната, не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби, организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |

| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** |
|---|
| ***110.550,00 денари***<br><br>***во висина од ТРИ основици (3 х 36.850,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 110.550,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** |
| ***73.700,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 х 36.850,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 73.700,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ*** |
| ***36.850,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 36.850,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ*** |
| (**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ*** |
| ***(во висина на стварни трошоци)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА НОЕМВРИ/2023*** |
| ***6.372,00 денари***<br>(во висина од ***20%*** *од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2022 година ***(31.859,00 х 20%)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 6.372,00 денари.*** |
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***36.401,00 денари;***<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци.<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

## *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*
### *што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...77/21; 60/23, 154/23), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2023 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2022 година **изнесува:**

***127.436,00 денари.*** ***(4 x 31.859,00 денари).***

## *13. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2023 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2023 година, изнесува:

***69.803,00 денари.***

## *14. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*
### *за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец НОЕМВРИ 2023 година*** изнесува **(*2 x 36.390 денари*)**

***72.780,00 денари.***

## *15. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК*
### *на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...199/23), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплату-ва во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2022 година во РСМ во висина од:***

***23.819,00 денари (50% од 47.637,00 денари).***

### 16. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за прива-тен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА,*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### 17. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК

Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина,*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2023* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 (2x50%) |
| ***ЈАНУАРИ/2023*** | ***33.104,00*** | ***16.552,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2023*** | ***33.011,00*** | ***16.506,00*** |
| ***МАРТ/2023*** | ***34.364,00*** | ***17.182,00*** |
| ***АПРИЛ/2023*** | ***33.943,00*** | ***16.972,00*** |
| ***МАЈ/2023*** | ***33.720,00*** | ***16.860,00*** |
| ***ЈУНИ/2023*** | ***34.925,00*** | ***17.463,00*** |
| ***ЈУЛИ/2023*** | ***36.134,00*** | ***18.067,00*** |
| ***АВГУСТ/2023*** | ***36.345,00*** | ***18.173,00*** |
| ***СЕПТЕМВРИ/2023*** | ***36.527,00*** | ***18.264,00*** |
| ***ОКТОМВРИ/2023*** | ***36.286,00*** | ***18.143,00*** |
| ***НОЕМВРИ/2023*** | ***36.390,00*** | ***18.195,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по ра-ботник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настаната-та статусна промена, правен следбеник е последниот работо-давач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *18. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплатува од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

* Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА*, ***за практикантска работа ДО ТРИ месеци***; **и**
* **Во висина на** *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА* ***утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци***, сметано **од четвртиот месец**.

***Минимална НЕТО плата 20.175,00 денари***.

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

### *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студен-ти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот, паѓа на товар на установата од областа на образованието.***

## *20. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот, се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *21. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година ("Службен весник на РМ" 282/22), на буџетските корисници, им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***11.055,00 денари*** <br> ***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% х 36.850,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 11.050,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***75.752,00 денари*** <br> ***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(2 х 37.876,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 75.752,00 денари);*** |

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***37.876,00 денари***<br>***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 37.876,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***НЕ Е ПРОПИШАНА***<br>***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година).*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година од 01.01.2023 година)*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ***<br>***НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>***75.752,00 денари***<br>***(2 x 37.876,00)***<br>***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник, исплатена во РМ до денот на исплата.***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 75.752,00 денари.*** |
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>***(Согласно член 21 од Општ Колективен договор за за јавен сектор ("Службен весник на РСМ" 154/23),*** вработениот **има право** на регрес за годишен одмор за 2023, во висина **од најмалку:**<br>***10.000,00 денари НЕТО,***<br>под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот.*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***<br>***НЕ Е ПРОПИШАН).***<br>***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2023 година),*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ***<br>***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br>Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2023 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).*<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***<br>***(во висина на стварни направени трошоци).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА НОЕМВРИ//2023***<br>***7.146,00 денари***<br>***(47.637,00 x 15%)***<br>***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2022 година***):<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 7.146,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2023 година изнесува:***<br>***81,60 денари***<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 293/2021).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување) за IX/2023 година, се однесува за месец НОЕМВРИ/2023 година изнесува:***<br>***31.113,00 денари (50% од 62.226,00)*** |

***21.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВА-ЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 19 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија („Службен весник на РСМ” 154/23), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 7 дена** | **70% од основицата** |
| **До 15 дена** | **80% од основицата** |
| **Од 15 до 21 ден** | **90% од основицата** |

| | |
|---|---|
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА: Просечна бруто плата на работникот во последните 12 месеци. Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висната на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.***

*21.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно член 16 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 154/23), ***основната плата на работникот се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.............................................35%***
- ***Работа ноќе...............................................................35%***
- ***Работа во три смени ...............................................5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 50%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во смени, работникот го остварува само за деновите кога работи во три смени организирани со периодично менување во рамките на вкупните 24 часа.

**Согласно член 17 од ОКДЈС сновната бруто плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *22. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2023 ГОДИНА*

### *22.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **20.175,00** |
| 2. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 11.137,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.237,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **21.412,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (21.412 x 1,3889)** | **29.739,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 5.591,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 2.230,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 357,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 149,00 |
| **11. Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **8.327,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 -11) | 21.412,00 |
| 13. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 12.374,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.237,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **20.175,00** |

### *22.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **29.739,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 5.591,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.230,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 357,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 149,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **8.327,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 21.412,00 |
| 8. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 - 8) | 12.374,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **1.237,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6- 10)** | **20.175,00** |

## 22.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **24.699,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 х 18,8%) | 4.643,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 х 7,5%) | 1.852,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 х 1,2%) | 296,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 х 0,5%) | 123,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **6.914,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 17.785,00 |
| 8. Даночно намалување за 2023 година | 9.038,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8) | 8.747,00 |
| **10. Данок на доход (10 х 10%)** | **875,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **16.910,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 24.699,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 24.699,00 |

***- (вкалкулирана бруто плата),***

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 24.699,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 16.910,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 875,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 6.914,00 |

***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),***

| | | |
|---|---|---|
